| | |
|---|---|
| Архивски број: | 02-928/1 |
| Дата: | 4.12.2024 година |

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПРАВАТА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

декември 2024, Скопје

**Член 1**

Со оваа Процедура се пропишува постапката за пристап на субјектите на лични податоци до сопствените лични податоци кои ги обработува Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст: Комората), како и начинот на постапување при прием, преглед и распоредување на предметите кои произлегуваат од остварување на правата на субјектите на личните податоци.

Согласно законот за заштита на личните податоци, личен податок е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице што може да се идентификува (субјект на лични податоци), додека физичко лице што може да се идентификува е лице чијшто идентитет може да се утврди, директно или индиректно.

**Член 2**

Процедурата се применува на личните податоци кои ги обработува Комората и кои се содржани во следниве збирки на податоци:

1. лични податоци за членови на Комората,
2. лични податоци за вработени,
3. лични податоци за надворешни соработници,
4. лични податоци од апликанти по јавни огласи за вработување,
5. лични податоци од апликанти за членство во Комората и
6. лични податоци од систем за видео надзор.

**Член 3**
**Права на субјектите на лични податоци**

Кога податоците се прибираат од субјектите, тие мора да бидат информирани за:

- идентитетот на контролорот (Комората) и неговиот официјален претставник, доколку го има,
- целите на обработката,
- корисниците или категориите корисници на личните податоци,
- задолжителноста на давање на одговори на прашања кои вклучуваат лични податоци,
- можни последици ако не се даде одговор и
- постоење на правото на пристап и право на исправка на неговите лични податоци.

Кога податоците не се прибираат од субјектот на лични податоци, Комората во времето на евидентирање на личните податоци, а ако е предвидено личните податоци да бидат откриени на трето лице најдоцна до моментот кога податоците првпат се откриени, мора да го информира субјектот на лични податоци за:

- идентитетот на контролорот и неговиот овластен претставник, доколку го има,
- целите на обработката,
- категориите на податоци,
- корисниците или категориите на корисници на личните податоци и
- постоењето на право на пристап и право на исправка на податоците што се однесуваат на субјектот на лични податоци.

Комората нема обврска да го информира субјектот на лични податоци, за обработка на личните податоци за историски, научни или статистички цели, ако:

- истото е невозможно или бара несразмерен напор или трошоци или
- собирањето односно откривањето на личните податоци е утврдено со закон.

## Член 4
## Ограничувања на правата на субјектот на лични податоци

Ограничувањето на правата е возможно во случаи кога тоа е предвидено со закон, особено за:

- заштита на јавниот ред и безбедност,
- заради откривање и гонење на сторители на кривични дела,
- заради заштита од повреда на етички правила на одредена професија,
- заштита на финансиските интереси на Комората и
- заштита на финансиски интереси на државата.

Комората нема да постапи по барањето за доставување на информации за обработка на личните податоци од страна на субјектот на лични податоци кога е овластен согласно со закон и ако личните податоци се обработуваат исклучиво во научно истражување или ако се собрани исклучиво за утврдени статистички цели и се чуваат за период што не го надминува периодот потребен за единствена цел за создавање на статистички податоци.

## Член 5
## Процес за остварување на правата

Субјектот на личните податоци во Барањето за пристап до личните податоци има право да бара одговор на следното:

- дали се врши обработка на неговите лични податоци,
- за целите и правната основа на обработката на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци,
- за личните податоци во врска со субјектот на личните податоци и изворот на податоци и
- за логиката на автоматизирана обработка, во случај на одлука донесена врз автоматска обработка, која има влијание врз субјектот на лични податоци.

Комората е должна да одговори на барањата од субјектите на лични податоци во рок од 15 дена, освен ако тоа бара несразмерен напор. Образецот за поднесување барање е составен дел на оваа Процедура (Образец 1).

## Член 6
## Измена, дополнување или бришење на личните податоци

По барање на субјектот на лични податоци или кога Комората ќе утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, односно доколку нивната обработка не е во согласност со законските одредби, тој е должен да ги дополни, измени и избрише личните податоци.

Барање за дополнување, измена или бришење на информации за обработка на личните податоци составен дел на оваа Процедура (Образец 2).

За извршеното дополнување, измена или бришење на личните податоци, Комората е должна најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето писмено да го извести субјектот на лични податоци, корисниците на лични податоци или трети лица на кои им се откриени личните податоци, освен ако тоа не е возможно или ако тоа бара несразмерен напор или трошок.

**Член 7**

**Ограничување на обработката на лични податоци**

Субјектот на лични податоци има право да побара ограничување на обработката на неговите лични податоци, поради:

- оспорување на точноста на личните податоци на субјектот на лични податоци,
- обработката е незаконска, но субјектот не сака личните податоци да бидат избришани,
- личните податоци повеќе не се потребни за првобитната цел, но сѐ уште не можат да бидат избришани бидејќи постои правен основ (заради воспоставување, остварување или одбрана на правни барања на субјектот на личните податоци) и
- субјектот на лични податоци чека одговор поднесен согласно Член 25 од ЗЗЛП, со кој приговор ја оспорува обработката на сопствените лични податоци.

Барањето за ограничување на обработката на лични податоци е составен дел на оваа Процедура (Образец 3).

Комората е должна најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето писмено да го извести субјектот на лични податоци, корисниците на лични податоци или трети лица на кои им се откриени личните податоци, освен ако тоа не е возможно или ако тоа бара несразмерен напор или трошок.

**Член 8**

**Преносливост на личните податоци**

Субјектот на лични податоци има право да ги добие своите лични податоци во читлив формат во следните случаи:

- обработката на личните податоци се врши врз основа на согласност,
- обработката на личните податоци се врши врз основа на договорна обврска и
- обврската се врши на автоматизиран начин.

Барањето за преносливост на личните податоци е составен дел на оваа процедура (Образец 4).

На барањето за преносливост на личните податоци Комората е должна најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

**Член 9**

**Право на приговор**

Субјектот на личните податоци врз основа на конкретна ситуација поврзана со него има право да поднесе приговор до Комората во секое време, против обработката на неговите лични податоци, кога обработката е потребна за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на јавно овластување на контролорот утврдено со закон.

Приговор е составен дел на оваа Процедура (Образец 5).

На барањето за преносливост на личните податоци Комората е должна најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

### Член 10

Комората приемот на предметите кои ќе произлезат со цел остварување на правата на субјектот на лични податоци го врши во архивата на Комората од службеникот кој ги врши работите за архивско и канцелариско работење.

По заведување на предметите кои ќе произлезат од остварување на правата на субјектите на личните податоци, сите предмети на денот на приемот се доставуваат до Офицерот за заштита на личните податоци кој ги собира потребните информации за обработка на личните податоци и доставува одговор на Барањето.

Испраќањето на одговорите кои ќе произлезат од предметите по барањата за оставрувањето на правата на субјектите на личните податоци се врши преку архивата на Комората, преку пошта или на начин на кој е побарано од страна на субјектите на личните податоци.

### Член 11

Предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правата од заштита на личните податоци уредени со оваа Процедура се чуваат во заклучени плакари до кои пристап имаат само вработените кои се овластени за водење на тековните работи согласно со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во стручната служба на Комората. Просторијата во која се сместени плакарите е опремена со клима уред и ПП апарати и истата овозможува заштита од влага, температура, непосредна сончева светлина и од други видови оштетувања.

### Член 12

За архивирање на предметите кои ќе произлезат од остварување на правата на субјектите уредени со оваа Процедура се применуваат прописите за архивска граѓа.

### Член 13

Оваа Процедура дава и општи информации за собирањето и обработката на личните податоци кога се посетува веб страницата www.komoraoai.mk или кога се пристапува да се користат услугите на Комората. Комората ги собира и обработува само оние лични податоци кои се неопходни да ги оствари законските задачи и овластувања.

На веб страницата www.komoraoai.mk се собираат податоци во врска со следните категории на лица.

- Посетители на интернет страната на Комората www.komoraoai.mk. Вообичаено се собираат податоци за навигација, кои се користат за анализирање на посетите на веб страната на Комората како и за одржување на информациската сигурност на веб страницата.

Категории на податоци кои се обработуваат при посета на веб страницата на Комората се следните:

**Податоци за навигација**

При посетата на интернет страната на серверот за секој посетител се креираат логови со следните податоци:

- интернет протокол адреса (IP) адреса на посетителот,
- уредот од кој се пристапува, вид и модел,
- оперативен систем на посетителот,
- страните кои посетува посетителот на веб страницата и времето кое го минува на секоја од страниците,
- URL на страната која го префрлила посетителот на веб страницата на Комората во некои случаи термините кои се користени да се пронајде страната на Комората,
- јазик на пребарувачот кој го користи посетителот и
- држава, се одредува преку (IP) адресата.

**Член 14**
**Чување и безбедност**

Предметите кои произлегуваат од остварувањето на правата се чуваат во заклучени простории, достапни само за овластени лица.

**Член 15**

Оваа Процедура стапува на сила по Усвојување од страна на Управниот Одбор на Комората.

**Претседател на Комората**

М-р Кристинка Чулак

Обрасци за остварување на правата

1. Барање за пристап до лични податоци,
2. Барање за дополнување, измена или бришење на информации за обработка на личните податоци,
3. Барањето за ограничување на обработката на лични податоци,
4. Барањето за преносливост на личните податоци и
5. Приговор.

**Образец 1: Барање за пристап до лични податоци**

## БАРАЊЕ

### за пристап до лични податоци

Јас, ____________________________________________, како субјект на личните податоци, барам од **Комората на овластени архитекти и инженери** да ме информира за следново:

- Дали се врши обработка на моите лични податоци;
- Целите и правната основа на обработката;
- Корисниците или категориите на корисници на личните податоци;
- Личните податоци во врска со мене и изворот на податоци;
- Логиката на автоматизирана обработка, во случај на одлука заснована врз автоматска обработка која има влијание врз мене.

Одговорот може да ми биде доставен на:

- Физичка адреса: ___________________________________________
- E-mail адреса: ___________________________________________

**Барател:**_________________
**Датум:** _________________

Член 19 Закон за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр.42/2020)

Образец 2: Барање за дополнување, измена или
бришење на информации за обработка
на личните податоци

# БАРАЊЕ
## за исправка или бришење на информации за обработка на личните податоци

Јас, ________________________________________, како субјект на личните податоци, барам од **Комората на овластени архитекти и инженери** да ги дополни или избрише моите лични податоци бидејќи:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Одговорот може да ми биде доставен на:

- Физичка адреса: ______________________________________
- E-mail адреса: ______________________________________

**Барател:**_______________
**Датум:** _______________

Член 20 и член 21 Закон за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр.42/2020)

Образец 3: Барање за ограничување
на обработката на лични податоци

# БАРАЊЕ
## за ограничување на обработката на лични податоци

Јас, ________________________________, со адреса на живеење ____________________, телефон ____________ и емаил адреса ____________________, барам од **Комората на овластени архитекти и инженери** да ја ограничи обработката на моите лични податоци во следните збирки лични податоци:

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Причина за ограничување:

Согласно членот 22 од ЗЗЛП, барам Комората на овластени архитекти и овластени инженери да ја ограничи обработката на моите лични податоци поради следната причина (ве молиме означете го соодветното поле):

☐ Ја оспорувам точноста на личните податоци;

☐ Обработката е незаконска, но не сакам личните податоци да бидат избришани;

☐ Личните податоци повеќе не се потребни за првобитната цел, но се неопходни за правни барања;

☐ Поднесен приговор на обработката (член 25 од Законот за заштита на личните податоци).

**Барател:**________________
**Датум:** ________________

За да бидеме сигурни дека ја ограничуваме обработката на личните податоци на вистинската личност, бараме да ни доставите доказ за вашиот идентитет: лична карта, пасош, возачка дозвола, извод од матична книга на родените. Ве молиме, доставете ни копија или скенирана слика од документ (не испраќајте оригинали). Ако сметаме дека Вие не сте лицето за кое тврдите дека сте, го задржуваме правото да го одбиеме вашето барање.

Член 22 од Закон за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр.42/2020)

**Образец 4: Барање за преносливост на личните податоци**

# БАРАЊЕ
## за преносливост на личните податоци

Јас, ______________________________________, барам од **Комората на овластени архитекти и инженери** да ми овозможи преносливост на моите лични податоци во читлив формат.

Барам податоците да ми бидат доставени:

☐ Лично во просториите на Комората;

☐ На e-mail адреса: ________________________________.

- Документ кој мора да се достави на увид во прилог на ова Барање за да се утврди идентитетот на барателот е лична карта или пасош.

**Барател:**_______________
**Датум:** _______________

Член 24 од Закон за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр.42/2020)

Образец 5: Приговор

# ПРИГОВОР

Име и презиме: ______________________________

Адреса: ______________________________

Контакт телефон: ____________

E-mail адреса: ______________________________

Категорија на субјект на лични податоци на која припаѓате:

▢ член на Комората,

▢ вработен,

▢ надворешен соработник,

▢ апликант на јавни огласи за вработување,

▢ апликант за членство во Комората,

Причина за приговор:

Согласно членот 25 од Законот за заштита на личните податоци, приговарам на обработката на моите лични податоци (наведете ја причината):

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Потпис на субјектот:**______________

**Датум:** ______________

Член 25 од Закон за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр.42/2020)